**МДБ** * ДАНОчНИТЕ ОБВРЗНИЦИ НЕМААТ ОБВРСКА ОБРАЗЕЦОТ ДА ГО ДОСТАВУВААТ ДО УПРАВАТА ЗА јАВНИ ПРИХОДИ

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# МЕСЕЧЕН ДАНОЧЕН БИЛАНС

| | | | |
|---|---|---|---|
| Даночен број | | Пресметковен период | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште | | Телефон | |
| | | Телефакс | |
| | | е-пошта | |

## Утврдување на месечна аконтација на данок на доход

| | | |
|---|---|---|
| 1. Данок на добивка по намалување за даночните олеснувања и ослободувања<br>** ред. бр. 2 - ред. бр. 3* | 01 | |
| 2. Пресметан данок на добивка<br>** реден број I. под Г од ДБ за претходната година/АОП 42* | 02 | |
| 3. Намалување на данокот за износот на даночните олеснувања и ослободувања<br>** ред. бр. I. под Д од ДБ за претходната година /АОП 43. Во МДБ за месец февруари 2010 до месец декември 2010 и месец јануари 2011, намалувањето се утврдува од искажаниот податок ред. бр. 40 (АОП 45)* | 03 | |
| 4. Број на месеци на работење во претходната година | 04 | |
| 5. Месечен износ на данок<br>** ред. бр. 1 поделен со ред. бр. 4* | 05 | |
| 6. Месечен процент на ревалоризација, зголемен за 100 | 06 | |
| 7. Месечна обврска на данокот на добивка<br>** ред. бр. 5 x ред. бр. 6* | 07 | |

## Потврдено од овластеното лице

**Изготвил:** ____________________
*потпис на изготвувачот*

**Одобрил:** ____________________
*потпис на овластено лице*

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Обврзниците на данокот на добивка во текот на годината данокот на добивка го плаќаат во вид на месечни аконтации на образецот МДБ-месечен даночен биланс. Месечните аконтации на данокот на добивка се плаќаат во рок од 15 дена по истекот на секој календарски месец. Доколку даночниот обврзник во даночниот период кој претходи на пресметковниот искажал повеќе платен данок за кој не бара враќање, износот на повеќе платениот данок ќе се смета за платена аконтација.
Месечниот износ на аконтацијата на данокот на добивка за периодот февруари-декември во тековната година и за месец јануари наредната година, обврзникот на данокот на добивка го утврдува според износот на пресметаниот данок на добивка искажан во даночниот биланс под I. УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА под Г. ПРЕСМЕТАН ДАНОК НА ДОБИВКА, намален за износот на даночните ослободувања и олеснувања искажани под Д. ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА И ОСЛОБОДУВАЊА реден број 40 (АОП 45) во даночниот биланс за претходната година. Овој износ се дели со 12 месеци и се зголемува за процентот на кумулативниот пораст на цените на мали во Републиката од претходниот период од годината, односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година. За даночните обврзници кои во претходната година работеле помалку од 12 месеци, поделбата се врши со бројот на месеците во кои даночниот обврзник работел. За месец во кој даночниот обврзник работел, се смета периодот кој опфаќа повеќе од половината на деновите во месецот.
**Обврзникот кој што во претходната година не искажал пресметан данок на добивка, нема обврска да плаќа аконтации на данокот на добивка.**
Даночните обврзници кои што се формираат со издвојување од други обврзници или се образуваат како нови даночни обврзници во рамките на постојаниот даночен обврзник, ги утврдуваат месечните аконтации на данокот на добивка во годината во која се издвоени или одделени врз основа на годишната пресметка на даночниот обврзник од кои се издвоени, односно одделени, на тој начин што утврдената основица на данокот на добивка се дели на даночните обврзници според условите што се утврдени во договорот за издвојување. Така се постапува до изготвувањето на првата годишна сметка од страна на даночните обврзници.
Обврзниците со посебен даночен статус - заштитените друштва, стопанските единици во рамките на установите за извршување на санкции и казнено-поправните установи, како и корисниците на технолошко индустриските и развојни зони, немаат обврска за пресметување и плаќање на месечни аконтации на данокот на добивка.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Се пополнуваат читливо и целосно само белите полиња од образецот "МДБ". **Износите се искажуваат во денари, без дени.**
Во образецот се внесуваат податоците за: Единствениот даночен број, скратениот назив и адресата на вистинското седиште за контакт и телефон број, телефакс број и е-пошта како и пресметковниот период за кој се утврдува месечната аконтација.

## Утврдување на месечна аконтација на данок на доход

1. **Данок на добивка по намалување за даночните олеснувања и ослободувња -** (износ од ред. бр. 2 - ред. бр. 3).
2. **Пресметан данок на добивка -** реден број I. под Г од ДБ за претходната година / АОП 42.
3. **Намалување на данокот за износот на даночните ослободувања и олеснувања -** реден број I. под Д од ДБ за претходната година / АОП 43. Во МДБ за месец февруари 2010 до месец декември 2010 и месец јануари 2011, намалувањето се утврдува од искажаниот податок на ред. бр. 40 (АОП 45).
4. **Број на месеци на работење во годината** (12) доколку ДБ е составен за даночен период кој ја опфаќа годината, односно бројот на месеците за кој е составен ДБ.
5. **Месечен износ на данок -** Месечен износ на данок утврден како количник од: данокот на добивка по намалување за даночните олеснувања и ослободувања и бројот на месеци на работење - (ред. бр. 1 / ред. бр. 4).
6. **Коефициентот на ревалоризација** се утврдува како: процент на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката од претходниот период од годината, односно 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година зголемен за 100. Процентот на пораст на цените на мало во Републиката го утврдува и го објавува Државниот завод за статистика.
7. **Месечна обврска на данокот на добивка -** Износот на месечниот износ на данок зголемен со процентот на ревалоризација (ред. бр. 5 x ред. бр. 6).

## Потврдено од овластеното лице

Пресметката ја потпишува изготвувачот, а истата ја одобрува одговорното лице кај правното лице.

* Образецот е објавен во „Службен весник на Р.М.", бр. 150/09 и важи од 18.12.2009 година